**Здружение на финансиски работници**
на локалните самоуправи и јавните претпријатија
Association of finance officers
of the local governments and public enterprises

Број: 0302-235
21.10.2025 година
В е л е с

До
Сектор / одделение за јавни набавки /
Правни работи / финансии / Ревизија

**Предмет: Покана за работилница**

Почитувани,

Здружението на финансиските работници на локалната самоуправа и јавните претпријатија - Велес следејќи ја повеќегодишната традиција на размена на информации, искуства и зголемување на вештините, како и барањата за меѓусебно континуирано информирање и поддршка во областа на јавните набавки, Ве поканува на работилницата на тема:

**„ЈАВНИ НАБАВКИ ЗА ПРАКТИЧАРИ: ОД ПЛАН ДО УСПЕШНА РЕАЛИЗАЦИЈА“**

која ќе се одржи во **хотел „Capsis“ – Солун, Република Грција** (https://capsishotels.gr/thessaloniki/en/capsis-hotel-thessaloniki/), во периодот од 11 до 13 Декември 2025 година, според приложената Агенда - програмата за обука.

Поаѓањето од Скопје за Солун е на 11 декември 2025 година од паркингот пред хотел „Континентал“, Скопје во 07.00 часот. Деталите за планот за патување ќе им бидат доставени на учесниците кои ќе бидат регистрирани за учество на работилницата.

Работилницата има за цел да обезбеди стручен, директен, сеопфатен и интерактивен пристап, преку обезбедување одговори на поставените прашања, компетенти и прецизни насоки за постапување во областа на јавните набавки, преку разработување на следните теми – области:

- **Од планирање до набавка:**
  - Процена на потребите и дефинирање на предметот на набавка
  - Избор на постапка
  - Подготовка на технички спецификации и критериуми за евалуација
  - Подготовка на тендерска документација
  - Кратка дискусија и прашања
- **Објавување и комуникација со понудувачи**
  - Објавување на оглас – практични совети
  - Прашања од економски оператори
  - Практична вежба: Решавање на прашања и измени на тендерска документација
  - Дискусија: Чести грешки и како да се избегнат
- **Евалуација и избор на најповолен понудувач**
  - Критериуми за евалуација: цена, квалитет, економски најповолна понуда
  - Техничка и финансиска проверка на понудите
  - Појаснување и отфрлање на понуди
  - Кратка дискусија: управување со жалби
- **Практични искуства и добри практики**
  - Најчести грешки во процесот и како да се избегнат
  - Управување со ризици: измами, неправилности, корупција
  - Стратегии за поефикасна набавка и долгорочно планирање
  - Презентација на искуствени случаи од пракса
- **Прашања и одговори, коментари, дискусии**

Работилницата е дизајнирана како интерактивен настан на кој учесниците ќе имаат можност да дискутираат и да добијат одговори и насоки за постапување за конкретни и практични отворени прашања од областа на јавните набавки. Со овој пристап учесниците на работилницата ќе ги надградат сопствените знаења во функција на правилно, законско и навремено постапување.

Тел. ++389 43 230 623; ++389 43 230 625; e-mail zfrlsjpv@gmail.com веб страна https://zfr.org.mk/
Сметка 300270000017628 - Комерцијална Банка АД Скопје; Сметка 200000026137030 - Стопанска Банка АД Скопје Даночен број МК 4004997107233

**Работилницата ќе ја реализира м-р Катерина Николовска, која е практичар и професионален обучувач со огромно долгогодишно работно искуство во областа на јавните набавки.**

Искористете ја можноста да обезбедите присуство на работилницата. Хотел „Capsis" – Солун нуди одлични услови за обука, а неговата одлична локација дава можност за факултативни активности по завршувањето на сесиите за обука наведени во агендата – програмата за работа.

Котизацијата за учество, која е задолжителна за сите пријавени за учество на работилницата и изнесува само **7.500,00 денари (со ДДВ)** по учесник со вклучени работни материјали и се плаќа во Здружение на финансиските работници.

Котизацијата за учество на работилницата можете да ја уплатите на:
**Здружение на финансиските работници на локалната самоуправа и јавните претпријатија**
**Сметка 300270000017628 - Комерцијална Банка АД Скопје**
**Сметка 200000026137030 - Стопанска Банка АД Скопје**
**Даночен број МК 4004997107233**

**Учесниците на работилницата ќе добијат сертификат за учество на работилницата.**

**<u>За учество на работилницата потребно е да направите:</u>**

- **Пријавување за учество на работилницата во Здружението на финансиските работници најдоцна до 25.11.2025 година.** Вашите пополнети пријави за учество на работилницата ги очекуваме на емаил: zfrlsjpv@gmail.com kontakt_zfr@yahoo.com Формуларот Пријава за учество на работилницата и агендата се поставени на нашата веб страна https://zfr.org.mk/
- **Резервација на Пакет аранжман** во **Туристичката Агенција "Fame One Travel" – Скопје најдоцна до 25.11.2025 година.**

<u>Резервација на Пакет аранжман</u>
Ве молиме да се обратите во **Туристичката Агенција "Fame One Travel" – Скопје, кај г-а Александра Марковиќ Цветановска, моб тел / Viber / WhatsApp / 389 70 268 854, за да извршите резервација на комплетниот пакет аранжман кој се состои од: патување со организиран превоз, патничко осигурување, сместување: два полу пансиони (HB) со вклучени кафе паузи и пијалок за време на вечерата.**

**За резервирање на пакет аранжман потребно е да извршите уплата на целосниот износ на пакет аранжманот најдоцна до 25.11.2025 година. Резервациите ќе се извршуваат по принцип: „Прв пријавен – потврден – услужен".**

**Деталите и информациите за пакет аранжманот ќе бидат доставени до учесниците на работилницата.**
**Пакет аранжманот е задолжителен за сите учесници на работилницата.**

За сите дополнителни информации обратете се во канцеларијата на Здружението на финансиски работници, на тел. 043/230-623, моб. 071/335-930, 076/265-136 или преку погоре наведените емаил адреси.

Ве очекуваме да ни се придружите и заеднички да ги разрешиме сите отворени прашања и дилеми поврзани со темите од работилницата.

Со почит,

**Извршен директор,**
**м-р Зоран Јанкуловски**